РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-531/2

18-08-2025 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 21-та седница одржана на ден 15.08.2025 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-531/1 од 31.01.2025 година, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Пријавата со број 12-531/1 од 31.01.2025 година да се проследи на надлежно постапување до Јавно обвинителство на РСМ.

Предметот со број 12-531/1 од 31.01.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-531/1 од 31.01.2025 година е офомен врз основа на поднесена пријава од група граѓани. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконско именување на службените лица -------- за директор на ООУ „------" – -------- и -------- за директор на СОУ „--------" – -------, од причина што наведените службени лица, според наводите од пријавата, се стекнале со ова функција врз основа на фалсификуван сертификат за положен испит за познавање на англиски јазик.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Јавно обвинителство на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

**Заменик - претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk